Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА -БИТОЛА-

**Архивски број:** 04-17/31

**Датум:** 4.7.2023 **година**

Врз основа на член 20 став 1, алинеја 15 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23, точка 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), а во врска со објавениот јавен оглас број 01/2023, ВД Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1.Јавниот оглас број 01/2023 за вработување на неопределено време на 5(пет)извршители, под точка 1.Четири извршители на работно место Медицинска сестра, звање на работно место Помошно-стручен службеник од второ ниво со шифра на работно место СОЗ0303Б02002 во Службата за сместување, нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.5 и под точка 2. Еден извршител на работно место Хигиеничар, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од трето ниво со шифра на работно место СОЗ0401А03004 во Службата за административни и помошно-технички работи, Оддел за помошно-технички работи, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" на ден 30.05.2023 година- **СЕ ПОНИШТУВА.**

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата и ќе се достави до пријавените кандидати.

**О б р а з л о ж е н и е**

ВД Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.18-5746/2 од 04.05.2023 година на Министерството за финансии, донесе Одлука за потреба од вработување на 5 (пет) извршители за пополнување на слободни работни места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола бр. 04-17/13 од 29.05.2023 година за следните работни места:-четири извршители на работно место Медицинска сестра, звање на работно место Помошно-стручен службеник од второ ниво со шифра на работно место СОЗ0303Б02002 во Службата за сместување, нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.5 и еден извршител на работно место Хигиеничар, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од


Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

трето ниво со шифра на работно место СОЗ0401А03004 во Службата за административни и помошно-технички работи, Оддел за помошно-технички работи.

На ден 30.05.2023 година е објавен јавен оглас број 01/2023 во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" и истиот траеше пет работни дена.

Со Решение број 04-17/19 од 31.05.2023 година формирана е Комисија за селекција на вработување по објавениот оглас, која постапка се состои од две фази:
- административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот бр.04-17/34 од 30.06.2023 година од Комисијата за селекција на вработување наведено е дека се пристигнати осум пријави, во затворен плик со назнака "не отворај, за јавен оглас број 01/2023", од кои 4 пријави за работно место под реден број 1.Медицинска сестра и 2 пријави за работно место под реден број 2 Хигиеничар и истата на ден 12.06.2023 година ја спроведе првата фаза од постапката за селекција на кандидати -административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата на кандидатите. Во Записникот под горенаведениот број, Комисијата утврди дека при првата фаза од постапката за селекција на кандидати-административна селекција сите кандидати ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас и истите ќе бидат повикани на интервју.

Во членот 212 став 15 од Законот за социјалната заштита и во Решението за формирање на Комисија број 04-17/19 од 31.05.2023 година наведено е дека Комисијата спроведува интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите при административната селекција, во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција, односно Комисијата требаше да се спроведе интервју со кандидатите до 16.06.2023 година.

Со оглед на тоа дека е пропуштен законскиот рок за спроведување на интервју со кандидатите, направена е суштествена повреда во постапката по овој јавен оглас.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатите можат да изјават жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на истата.

ВД Директор
Анета Талевска



Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола

Ул. „Младински Бригади„ бр2Битола
Република Северна Македонија

+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com